# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

1 март 2012 | Излегува по потреба | Година VII | број 2



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за изменување на Одлуката**
**за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2012 година**

1. Се објавува Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2012 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.02.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 564/1**
**од 01.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општината Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општината Гази Баба на Четириесет и втората седница одржана на ден 29.02.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2012 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2012 година, бр.07-4740/23 од 22.12.2011 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.15/11), во член 7, по зборот ''(Блок дотации)'' зборовите ''и Буџетот на наменските средства'', СЕ БРИШАТ.

**Член 2**

Во член 9, ставовите 2 и 3 СЕ БРИШАТ, алинеја 1 станува став 1, и износот ''73,85' се заменува со износот ''73,8'',

алинеја 2 станува став 2.

**Член 3**

Член 20 се менува и гласи:

''За средствата утврдени во Буџетот на општината во рамките на резервите, одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.''

**Член 4**

Одлуката да се достави до Министерство за финансии - сектор за буџет и фондови.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'', и станува составен дел на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба.

**Број 07 - 443/3**
**од 29.02.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за изменување на**
**Одлуката за користење на средствата од тековната резерва**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за користење на средствата од тековната резерва, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.02.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 564/2**
**од 01.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општината Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општината Гази Баба на Четириесет и втората седница одржана на ден 29.02.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за користење на средствата од тековната резерва**

**Член 1**

Во Одлуката за користење на средствата од тековната резерва, бр.07-4740/24 од 22.12.2011 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.15/11), во член 1 по зборот ''Градоначалникот'' се става точка, а зборовите ''но најмногу до 50.000 денари во поединечни случаи при што во износот не влегува персоналниот данок'', СЕ БРИШАТ.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Министерство за финансии - сектор за буџет и фондови.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'' и станува составен дел на Одлуката за користење на средствата од тековната резерва.

**Број 07 - 443/4**
**од 29.02.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за кофинансирање на проект ''Физибилити студија за заштита и превенција на подземни води во микро регион Гази Баба, Арачиново, Петровец, Илинден и Зелениково''**

1. Се објавува Одлуката за кофинансирање на проект ''Физибилити студија за заштита и превенција на подземни води во микро регион Гази Баба, Арачиново, Петровец, Илинден и Зелениково'', што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.02.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 564/3**
**од 01.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2012 година, бр.07-4740/21 од 22.12.2011 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.15/11) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и втората седница одржана на ден 29.02.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за кофинансирање на проект**
**''Физибилити студија за заштита и превенција на подземни води во микро регион Гази Баба, Арачиново, Петровец, Илинден и Зелениково''**

**Член 1**

Општина Гази Баба како партнер ќе учествува со сопствени средства во кофинансирање на проектот ''Физибилити студија за заштита и превенција на подземни води во микро регион Гази Баба, Арачиново, Петровец, Илинден и Зелениково'' (во понатамошниот текст: ''проектот'').

**Член 2**

Вкупниот износ на проектот од член 1 на оваа одлука изнесува 1.000.000,00 денари, а носител на проектот е Центарот за развој на скопскиот плански регион.

**Член 3**

Општина Гази Баба ќе кофинансира со 5% од вкупната сума на проектот, во висина од 50.000,00 денари.

Средствата ќе се исплатат од Буџетот на Општина Гази Баба за 2012 година, Програма Г1-Поддршка на локалниот економски развој, конто 42-Стоки и услуги.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба, по одобрување на проектот, да склучи договор со Центарот за развој на скопскиот плански регион, за префрлање на средствата од член 3 на оваа одлука.

**Член 5**

Примерок од одлуката да се достави до Центарот за развој на скопскиот плански регион, за да се приложи кон апликацијата на проектот.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува по одобрување на проектот.

**Број 07 - 443/5**
**од 29.02.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за формирање на работно тело за следење на состојбите со загадувањето, предизвикано од субјектите лоцирани во кругот на поранешната фабрика ''Железарница''**

1. Се објавува Одлуката за формирање на работно тело за следење на состојбите со загадувањето, предизвикано од субјектите лоцирани во кругот на поранешната фабрика ''Железарница'', што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.02.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 564/4**
**од 01.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 62 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр. 5/02) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), а во врска со донесениот заклучок на Триесет и седмата седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на ден 26.10.2011 година, Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и втората седница одржана на ден 29.02.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за формирање на работно тело за следење на состојбите со загадувањето, предизвикано од субјектите лоцирани во кругот на поранешната фабрика ''Железарница''**

**Член 1**

Се формира работно тело за следење на состојбите со загадувањето, предизвикано од субјектите лоцирани во кругот на поранешната фабрика ''Железарница''.

**Член 2**

За членови на работното тело од член 1 на оваа одлука, СЕ ИМЕНУВААТ:
- ТОНИ ТРАЈКОВСКИ - Градоначалник на Општина Гази Баба;
- ТРАЈАН ПЕТРОВСКИ - Општина Гази Баба;
- АЛЕКСАНДРА ДИМИТРИЕВСКА АВРАМОВСКА - Општина Гази Баба;
- НАДИЦА ТРАЈКОВСКА - ЈКП ''Гази Баба - 2007'' Општина Гази Баба;
- АЛЕКСАНДАР КАРОВСКИ - член на Совет на Општина Гази Баба;
- МАРЈАН КРСТЕВСКИ - член на Совет на Општина Гази Баба;
- СОЊА ГЛИНЏАРСКА - член на Совет на Општина Гази Баба;
- САШО НАЧОВСКИ - член на Совет на Општина Гази Баба;
- БОБАН ДОБРЕВСКИ - член на Совет на Општина Гази Баба;
- САШКО КОЦЕВСКИ - Здружение на граѓани од н.м Железара;
- ФИЛИП ИВАНОВ - Управа за животна средина;
- ЛИДИЈА ГАЛЕВА - Државен инспекторат за животна средина;
- НИКОЛА ЈОВАНОВСКИ - Град Скопје;
- ЕЛЕНА ВИДИНОВА ИВАНОВСКА - ''МАКСТИЛ'' АД СКОПЈЕ;
- АНГЕЛА МИТЕВСКА - ''СКОПСКИ ЛЕГУРИ'' ДООЕЛ СКОПЈЕ;
- САШО ЈОВАНОВ - ''РЖ ИНСТИТУТ'' АД СКОПЈЕ;
- ЗОРАН ЗОРИЌ - ''АРСЕЛОРМИТТАЛ'' АД СКОПЈЕ; и
- ЕЛИЗАБЕТА ФИЛИПОВСКА - ЕЛЕМ ''ЕНЕРГЕТИКА''.

**Член 3**

Работното тело ќе ги врши следните работи:

- следење на состојбите со загадувањето во кругот на поранешната фабрика ''Железарница'', преку доставување на извештаи од мониторинг како и извештаи од мерните станици, лоцирани на подрачјето на Општина Гази Баба;
- навремено и транспарентно информирање на граѓаните за состојбите со животната средина;
- организирање и одржување на отворени средби со граѓаните;
- советодавна улога при иницирање постапки пред надлежен орган, при настанување на одредени проблеми или состојби;
- координација за заеднички корисни активности, како еколошки акции, садење дрвца,

подигнување на нови зелени површини и др.; и
- ќе одржува работни средби по потреба, но најмалку еднаш месечно.

**Член 4**

Членовите на работното тело од своите редови, со мнозинство гласови од присутните избираат координатор на работното тело.

Координаторот од став 1 на овој член, е должен:

- да ги свикува седниците на работното тело по потреба, но најмалку еднаш месечно;
- уредно и навремено да ги поканува односно известува членовите на работното тело, за денот, часот и местото на одржување на состанокот на работното тело;
- уредно да ги изготвува записниците, и најмалку 5 (пет) дена пред денот на одржувањето на седницата, да ги доставува по електронски пат до членовите на телото, со цел нивно благовремено запознавање со содржината и водените дискусии на претходната седница;
- Подготвува и доставува месечна информација за степенот на загадување до Градоначалникот и до Советот на Општина Гази Баба;
- врши и други работи кои ке бидат договорени на седниците на работното тело.

**Член 5**

Работното тело на седници донесува: препораки и заклучоци.

**Член 6**

Се задолжува Секторот за поддршка на Градоначалникот - одделение за информативно-технички работи, информацијата од член 3 став 2 алинеја 4 од оваа одлука, навремено да ја објавува на веб страницата на Општина Гази Баба.

**Член 7**

Примерок од одлуката да се достави до секој од именуваните членови.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 443/6**
**од 29.02.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за ангажирање на невработени лица за вршење на јавни работи**

1. Се објавува Одлуката за ангажирање на невработени лица за вршење на јавни работи, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.02.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 564/5**
**од 01.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2012 година, бр.07-4740/5 од 22.12.2011 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.15/11) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и втората седница одржана на ден 29.02.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за ангажирање на невработени**
**лица за вршење на јавни работи**

**Член 1**

Се ангажираат 50 (педесет) невработени лица за вршење на јавни работи за потребите на Општина Гази Баба, согласно Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2012 година, бр.07-4740/5 од 22.12.2011 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.15/11).

**Член 2**

Невработените лица се ангажираат за период од 01.03.2012 година до 31.12.2012 година, врз основа на распишан јавен оглас во дневниот печат и извршен избор, согласно член 8, 83, 84 и 85 став 1 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност ("Службен весник на Република Македонија" бр.37/97......11/12).

**Член 3**

На ангажираните лица ќе им се исплатува паричен надоместок за извршената работа, во вкупен износ од 9000,00 денари преку трансакциска сметка.

**Член 4**

Со секое од ангажираните лица ќе се склучи посебен договор, со кој конкретно ќе се регулираат правата и обрските во врска со вршењето на јавните работи.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува од 01.03.2012 година.

**Број 07 - 443/7**
**од 29.02.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант, согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: ''Водоснабдување и одведување на отпадни води'' во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот ''Водоснабдување и одведување отпадни води'' (''Службен весник на Република Македонија'' бр. 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот ''Водоснабдување и одведување на отпадни води'' (''Службен весник на Република Македонија'' бр.154/2010), меѓу Општина Гази Баба и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант, согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: ''Водоснабдување и одведување на отпадни води'' во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот ''Водоснабдување и одведување отпадни води'' (''Службен весник на Република Македонија'' бр. 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот ''Водоснабдување и одведување на отпадни води'' (''Службен весник на Република Македонија'' бр.154/2010), меѓу Општина Гази Баба и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.02.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 564/6**
**од 01.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 2 став 1 алинеја 12 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и втората седница одржана на ден 29.02.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант, согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: ''Водоснабдување и одведување на отпадни води'' во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот ''Водоснабдување и одведување отпадни води'' (''Службен весник на Република Македонија" бр. 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот ''Водоснабдување и одведување на отпадни води'' (''Службен весник на Република Македонија'' бр. 154/2010), меѓу Општина Гази Баба и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија

### Член 1

Со оваа одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Гази Баба да го потпише Договорот/ите за грант, кој ќе се склучи согласно Договорот за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: ''Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот "Водоснабдување и одведување отпадни води'' (''Службен весник на Република Македонија'' бр. 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот ''Водоснабдување и одведување на отпадни води'' (''Службен весник на Република Македонија'' бр. 154/2010), меѓу Општина Гази Баба и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.

### Член 2

Се задолжува и овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба, да го потпише Договорот/ите за грант, кој ќе се склучи согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: ''Водоснабдување и одведување на отпадни води'' во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот ''Водоснабдување и одведување отпадни води'' (''Службен весник на Република Македонија'' бр.83/10) меѓу Општина Гази Баба и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.

### Член 3

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07 - 443/8**
**од 29.02.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Гази Баба**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.02.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 564/7**
**од 01.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 2 став 1 алинеја 12 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), а во врска со одредбите од член 4 став 6 и 7 од Законот за јавен долг (''Службен весник на РМ'' бр.62/05, 88/08 и 35/11) Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и втората седница одржана на ден 29.02.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање согласност и овластување
## за измирување односно пренасочување на средства
## од буџетската сметка на Општина Гази Баба

### Член 1

Во случај на непочитување на договорните услови, со оваа одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Гази Баба за измирување на средства од буџетската сметка на Општина Гази Баба, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант, кои ќе се склучат согласно Договорот за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: ''Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот "Водоснабдување и одведување отпадни води'' (''Службен весник на Република Македонија'' бр. 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот ''Водоснабдување и одведување на отпадни води'' (''Службен весник на Република Македонија'' бр.154/2010), меѓу Општина Гази Баба и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија, а во случај на непочитување на договорните услови.

### Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба, да изврши измирување на средствата од буџетската сметка на општината, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант, односно наплатата на средства да ја извршува Министерство за финансии на Република Македонија, со насочување на средства од буџетската сметка на општината-крајниот корисник и/или со задршка на дел од дотациите кои треба да се распределат на Општина Гази Баба до износот потребен за наплата на побарувањето, согласно одредбите од Законот за јавен долг (''Службен весник на РМ'' бр.62/05, 88/08 и 35/11).

### Член 3

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 443/9**
**од 29.02.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

# СОДРЖИНА


РЕШЕНИЕ за објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2012 година . . . . 1

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2012 година . . . . 2

РЕШЕНИЕ за објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за користење на средствата од тековната резерва . . . . 3

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за користење на средствата од тековната резерва . . . . 4

РЕШЕНИЕ за објавување на Одлуката за кофинансирање на проект ''Физибилити студија за заштита и превенција на подземни води во микро регион Гази Баба, Арачиново, Петровец, Илинден и Зелениково'' . . . 5

**ОДЛУКА** за кофинансирање на проект ''Физибилити студија за заштита и превенција на подземни води во микро регион Гази Баба, Арачиново, Петровец, Илинден и Зелениково'' . . . . 6

РЕШЕНИЕ за објавување на Одлуката за формирање на работно тело за следење на состојбите со загадувањето, предизвикано од субјектите лоцирани во кругот на поранешната фабрика ''Железарница'' . . . . 7

**ОДЛУКА** За формирање на работно тело за следење на состојбите со загадувањето, предизвикано од субјектите лоцирани во кругот на поранешната фабрика ''Железарница'' . . . . 8

РЕШЕНИЕ за објавување на Одлуката за ангажирање на невработени лица за вршење на јавни работи . . . . 10

**ОДЛУКА** за ангажирање на невработени лица за вршење на јавни работи . . . . 11

РЕШЕНИЕ за објавување на Одлуката за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант, согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008–0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: ''Водоснабдување и одведување на отпадни води'' во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот ''Водоснабдување и одведување отпадни води'' (''Службен весник на Република Македонија'' бр. 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот ''Водоснабдување и одведување на отпадни води'' (''Службен весник на Република Македонија'' бр.154/2010), меѓу Општина Гази Баба и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија . . . . 12

**ОДЛУКА** за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант, согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008–0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: ''Водоснабдување и одведување на отпадни води'' во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот ''Водоснабдување и одведување отпадни води'' (''Службен весник на Република Македонија„ бр. 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот ''Водоснабдување и одведување на отпадни води'' (''Службен весник на Република Македонија'' бр. 154/2010), меѓу Општина Гази Баба и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија . . . . 13

РЕШЕНИЕ за објавување на Одлуката за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Гази Баба . . . . 14

**ОДЛУКА** за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Гази Баба . . . . 15



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 2/12**
**42 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
бул. Александар Македонски 6б - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 100 примероци